# **Извештај**

***За посета на Регионалниот саем за наука кој е дел од програмата за влијание на заедницата ,,Науката и јас“,одржан во О.У. Владо Тасевски***

На ден 17.10.2024(четврток) беше организирана посета на ученици од VI одделение од О.У.Петар-Поп Арсов заедно со предметен наставник по природни науки Маја Митева,на настан ,,Саем за наука“во соработка со НВО Македонија 2025 и фабриката Џонсон Мети.Саемот се одржа во просториите на О.У. Владо Тасевски со присуство на Градоначалникот на Општина Карпош г-дин Стевче Јакимовски и претставници од општината,како и ученици од VI одделение од сите подрачни училишта на територија на Општина Карпош.На настанот присуствуваа и генералниот директор на Џонсон Мети г-дин Боријан Борозанов и претставници од хемискиот оддел на фабриката со свој штанд на саемот.Во рамките на саемот со свој штанд,покрај училиштето домаќин свое учество земаа и ученици од ,,Невена Георгиева Дуња“(Општина Кисела Вода),,Браќа Миладиновци“(Општина Аеродром) и ,,Емин Дураку“(с.Буковик,Општина Сарај),заедно со своите ментори-предметни наставници по природни науки.

Учениците имаа можност да се запознаат со експерименти со импровизација на ерупција на вулкан,демонстрација на ефект на Аурора Бореалис,експеримент за струјно коло,како и експеримент за оштетување на озонската обвивка и показателите на хемиски промени.
Исто така беа презентирани експерименти со т.н.невидливо мастило и лава ламба,како и проект соприказ на вселената,магнетизам и глобално затоплување.
Претставниците од Џонсон Мети одржаа куса презентација за својата компанија и изведоа неколку експерименти.

Наставник по природни науки<br>Маја Митева,О.У.Петар-Поп Арсов

Општина Карпош,Скопје<br>17.10.2024